Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

**Архивски број:** 04-826/2
**Датум:** 27-11-2023

Согласно член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) Комисијата за спречување и заштита од дискриминација објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ - 02/2023
за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следново работно место:

1. **УПР0101Б04000** - Раководител на одделение за заштита од дискриминација, во Секторот за спречување и заштита од дискриминација – **1 извршител**

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, општествени науки -право и социологија
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- најмалку 4 (четири) години работно искуство во струката од кои најмалку 1 (една) година на работно место во јавен сектор,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- Положен испит за административно управување

Распоред на работно време:

- работни часови во неделата: 40,
- работно време од понеделник до петок пристигнување од 07:30 до 08:30 заминување од 15:30 до 16:30 часот

Паричниот износ на основната нето плата 35.364,00 денари.

Кандидатите за унапредување треба да ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како и :

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Право на учество имаат сите административни службеници вработени во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како и до службената електронска адреса на лицето кое е задолжено за управување со човечки ресурси : l.nastevska@kszd.mk

НАПОМЕНА : Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од натамошна постапка.

Претседател
Игор Јадровски

# ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ

Јас ________ ___________ (име и презиме), вработен во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на работно место ____________________________________________________________ (наведува називот на последното работно место на кое што е распореден) во Одделение __________________________, во Сектор _______________________________, со звање ______________________ и шифра на работно место________________________.

Врз основа на објавениот интерен оглас за унапредување на административни службеници во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација објавен на веб страниците на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Агенцијата за администрација со архивски број ______ и _______(датум) година.

Ве известувам дека поднесувам пријава за унапредување на следното работно место ____________________________________________________________ ( се наведува назив на работното место на кое што се аплицира) во Одделение __________________________, во Сектор _______________________________, со звање ______________________ и шифра на работно место ________________________, со вкупно работно искуство од _______ години и _________месеци, евидентирано како работен стаж.

Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Бр. ___-__/_______
__________ година

Административен службеник
Име и Презиме
______________________________